## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
## ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

## НА
## УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
## ВО СКОПЈЕ

**Билтен број 1005**
**Скопје, 1 април 2011 година**

ДО НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ ПРИ
ПРАВОСЛАВНИОТ БОГОСЛОВСКИ ФАКУЛТЕТ
„СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" ВО СКОПЈЕ
СКОПЈЕ

Во врска со Конкурсот за реизбор на наставник во сите звања по предметите Христијанска педагогија со методика на наставата и Апологетика со историја на религиите, објавен во „Вечер" на 6.10.2011 г., Наставно-научниот совет на својата редовна седница одржана на 14. 10. 2011 г., Зап. број 6 определи Комисија за избор, која има чест да го достави следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Кандидатот м-р Петко Златески, доцент при овој Факултет, е роден 1955 година во с. Дуње, Прилепско. Основното образование го завршил во своето родно место, а средно образование завршува во Македонската православна богословија во Скопје. Во 1979 година го завршил Богословскиоит факултет во Белград, а од 1981-1984 година бил на последипломски студии во Рим, на Салезијанскиот Универзитет, на Факултетот за образовни науки, каде се стекнува со академската титула магистер по методологија на педагогијата.

Од 1984 година м-р Петко Златески предава во М П. Богословија, а од 1990 година предава и како наставник на Православниот богословски факуклтет „Свети Климент Охридски" во Скопје.

Вои 1994 годинма е избран за генерален секретар на Библиското дружение на Р. Македонија.

Кон пријавата и библиографијата, Кандидатот приложува и список на нови трудови (три) од последниот реизбор до денес од кои двата се учебници: „Православна христијанска веронаука“ (учебник за V одделение), Скопје, 2009 година и „Етика во религиите“ (учебник за V одделение) Скопје 2010 година. Трудот „Свети Наум Охридски во континуитет на денешната глобализација“ е објавен во „Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир Свети Наум Охридски и словенската писмена традиција“ Охрид, 4-7 ноември, 2010, 405-408.

Во учебникот: „Православна христијанска веронаука“, кандидатот се потрудил и успеал да ја приближи Православната христијанска веронаука до воспитно-образовната активност, која има за цел да ги запознае слушателите со основните вистини на Православната вара. Додека, пак, откривајќи им ги на младите вечните и спасоносни вистини, Златески мошне јасно им ги дава и одговорите на суштинските прашања, притоа разјаснувајќи ги преку светлината на Православната теологија, вера и традиција.

Во книгата, пак, „Етика во религиите“, професорот м-р Златески го истакнува, проучува и проценува моралот како предмет на етиката, истакнувајќи ги моралните вредности кои се мошне важни во животот на луѓето, како на пример: љубовта, здравјето, мирот, пријателството и сл.

Трудот врзан со ликот и делото на Свети Наум, исто така, содржи прашања од општи глобализациски рамки, а меѓу другото и прашањето за авторитетот, кој што според м-р Златески се наоѓа во криза, најмногу во семејството, во образованието и воопшто во општетсвеното модерно живеење денес.

Концепциски поставени и двата учебници и трудот врзан со ликот и делото на Свети Наум Охридски, го изразуваат професионалниот и педагошки концепт со потврдени квалитети и компетенции во областа со која се занимава. Дотолку повеќе што и двата учебници се влезени во редвна настава во школскиот систем

на Р. Македонија, а трудот, пак, врзан за ликот и делото на Свети Наум е издание на УКИМ.

Имајќи ја предвид досегашната активност на кандидатот, личното познавање на кандидатот и следењето на неговиот научен и педагошки развој, како и врз основа на неговото целокупно работење, Комисијата има чест и задоволство да предложи м-р Петко Златески да биде реизбран во звањето ДОЦЕНТ за предметите Христијанска педагогија со методика на наставата и Апологетика со историја на религиите.

НА КОМИСИЈАТА:

1. Д-р Ацо Гиревски, редовен професор на Богословскиот факултет во Скопје

______________________________

2. Д-р Стефан Санџакоски, редовен професор на Богословскиот факултет во Скопје

______________________________

3. Д-р Ратомир Грозданоски, редовен професор на Богословскиот факултет во Скопје

______________________________